**УНИВЕРЗИТЕТ**
**“СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”**
**Б и т о л а**

Врз основа на член 52 алинеа 23 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на 108-та седница одржана на ден 29.10.2012 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ на ПРАВИЛНИКОТ за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Клнмент Охридски" - Битола

Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола (Пречистен текст) - (Билтен Бр.356 од 01.12.201 1 година). по членот 55, се додава нов **член 56,** кој гласи:

**Член 56**

**После три неуспешни полагања на завршниот испит по определен предмет, студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до деканот/директорот на единицата, за полагање на испитот пред нова Комисија.**

**Постапувајќи по Барањето на студентот, деканот/директорот на единицата донесува Одлука за формирање на Комисија од три члена, пред која студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.**

**Комисијата е составена од тројца наставнници од иста или сродна наставно-научна област, при што во новоформирапата Комисија не можат да бидат вклучени двајцата членови од претходната Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.**

Член 2

Постојниот член 56 во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола (Пречистен текст), станува член 57, а редоследно за еден се корегираат сите наредни членови во Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Проф. д-р Златко Жоглев,**
**Ректор**